Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден __.05.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

## за поништување на Одлука со бр. 25-2823/26 од 08.07.2024 година за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација на ГП 1.6 и ГП 1.7,согласно ДУП: за Централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ4 – Општина Велес, Одлука бр.07-4382/5 од 14.09.2010 год.

### Член 1

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација на ГП 1.6 и ГП 1.7, согласно ДУП: за Централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ4 – Општина Велес, Одлука бр. 07-4382/5 од 14.09.2010 година, донесена од страна на Советот на Општина Велес со бр. 25-2823/26 од 08.07.2024 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

Проектниот опфат во целост ги опфаќа градежните парцели ГП 1.6 и ГП 1.7, согласно ДУП: за централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ 4 – Општина Велес, одлука бр. 07- 4382/5 од 14.09.2010 год. На дел од КП 2770, КП 2771, дел од КП 2773, КП 2774, КП 2775, КП 2776, КП 2777 и дел од КП 2778/2 КО Велес.

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 734,58 м².

До Општина Велес на 26.12 2024 година беше доставена информација од ЈЗУ Здравствен дом Велес, преку одделението за инспекциски надзор, дека има објект од цврста градба кој се наоѓа на КП 2771, кој е користен и управуван од нивна страна. Во прилог на дописот имаат доставено:

- Пописен лист
- Решение за доделување на земјиштето за трајно користење бр. 01-5918 од 10-06.1974 година
- Решение за градба бр. 04-5918/1 од 22.04. 1974 година , за котларница
- Договор за изградба на изведување на инсталација за греење за објекти Здравствена станица- „Панче Васков“ и антитуберколозен диспанзер Велес.

При извршениот увид од страна на Градежниот инспектор констатирано е дека на КП 2771 постои објектот од цврста градба чиј корисник е ЈЗУ Здравствен дом Велес.

Бидејќи на КП 2771 постои објект кој има корисник, не може да се отстрани истиот, а со тоа се оневозможува постапката за отуѓување на градежно земјиште и дооформување на градежната парцела, односно реализација на урбанистичкиот проект со план за парцелација.